**Република Македонија**
**Општина Сопиште**



# Предлог- ПРОГРАМА

# ЗА НУМЕРАЦИЈА НА УЛИЦИ И ОБЈЕКТИ НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА СОПИШТЕ 2 0 1 9

Изработил:
Одделение за комунални работи
Раководител Проф.Трајче Андреевски
Помлад соработник М-р Светлана Матеска-Трпеска

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 член 36 од Закон за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), член 20 од Статут на Општина Сопиште (Службен гласник на општина Сопиште бр. 2/97), Закон за комунални дејности (Службен весник на Р.М.) и Закон за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти (Службен весник на РМ бр.66/2004), Советот на Општина Сопиште на седницата одржана на ____.____.2018 година да ја донесе следната

# П Р О Г Р А М А
## за нумерација на улици и објекти на територија на Општина Сопиште за 2019 година

## 1. СТРАТЕШКА ЦЕЛ

Со програмата за нумерација на улици и објекти на територија на Општина Сопиште се уредуваат условите и начинот на определување имиња на улици, мостови и други инфраструктурни објекти, нумерирање на објектите наменети за живеење и работа, поставување и одржување на табли со имиња на улиците и куќните броеви, како и водење регистар и евиденција на имиња на улици и куќни броеви.

## 2. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Цел на програмата е нумерација на улици и објекти на територија на Општина Сопиште.

Со програмта опфатено е :

- Поставување на табли со имиња на улици
- Тековна контрола на таблите со имиња на улиците дали се оштетени или уништени и доколку е потребно да се обноват
- Испишување и означување на таблите за улици согласно член 7, член 9 и член 11 од Закон за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти
- На секој објект да има поставено табличка со куќен број
- Општината да води евиденција на имиња на улици и на броеви на објекти на подрачјето на општината

## 3. ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА

На секоја улица, плоштад, мост и на друг инфраструктурен објект се определува име. Нумерирањето на објектите со броеви на подрачјето го врши општината. Два или повеќе објекти на иста улица не можат да бидат нумерирани со ист број. Објектите се нумерираат на улицата на која им се наоѓа главниот влез.

Определувањето име на улица, плоштад, мост и на друг инфраструктурен објект на подрачјето на општината се врши со одлука донесена од Советот на Општина Сопиште.

## 4. ИЗВЕДУВАЧ НА ПРОГРАМСКИТЕ АКТИВНОСТИ

Програмските активности за нумерација на улици и објекти на територија на Општина Сопиште ќе ги изведува ЈКП Сопиште-Сопиште.

Изведувачот на програмата ЈКП Сопиште треба да склучи договор со Општина Сопиште за спроведување на програмата и да ја реализира со налози од Одделението за комунални работи.

## 5. АКТИВНОСТИ И ДИНАМИКА

Активностите и динамиката за нумерација на улици и објекти ќе се утврдат со оваа Програма во која се земени во предвид и :

- состојбата на таблите за имиња на улиците
- барањата на граѓаните и правните субјекти за куќен број

## 6. ПОСТАПКА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ПОТВРДА ЗА КУЌЕН БРОЈ

Физичките и правните лица за издавање на потврда за куќен број треба да поднесат барање до локалната самоуправа.

Кон барањето треба да се приложи:
- Фотокопија од лична карта
- Фотокопија од имотен лист
- Одобрение за градење-копие или
- Решение за бесправно изграден објект-копие

- Трошоците се на терет на барателот (такса во износ од 100,00 денари се наплаќа по Законот за административни такси (Службен весник на РМ бр.17/1993 година и бр.61/2004 година))

## 7. БУЏЕТ И ФИНАНСИРАЊЕ

Во програмата за нумерација на улици и објекти на територија на Општина Сопиште за 2019 година се предлага:

### 7.1. ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА

| ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА | ДЕНАРИ |
|---|---|
| Буџет на Општина Сопиште | 100.000,оо |
| **ВКУПНО** | **100.000,оо** |

### 7.2.БУЏЕТ

Во буџетот за 2019 година се планираат средства за следниве намени:

| БУЏЕТ 2019 | ДЕНАРИ |
|---|---|
| Набавка на табли за обележување на улици | 25.000,оо |
| - табли со столбови | 13.000,оо |
| - табли | 25.000,оо |
| Набавка на табли за куќни броеви | 25.000,оо |
| Поставување на табли | 12.000,оо |
| **ВКУПНО** | **100.000,оо** |

## 8. НАДЗОР НАД СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Надзор над спроведување на Програмата врши надлежниот општински орган – одделението за комунални работи.

За спроведените активности на терен изведувачот е должен да доставува месечни извештаи за работата, а на крајот на годината ќе доставува извештај до Градоначалникот и Советот на Општина Сопиште. Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник“ на Општина Сопиште.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ**
**НА ОПШТИНА СОПИШТЕ**

__________________________